ХАЛК БАНКА АД СКОПЈЕ
СКОПЈЕ
Примено: 04-12-2018
Орг.Един: 04 | Број: 23820 | Прилог: | Вредност:

[redacted]

Република Македонија
**ИЗВРШИТЕЛ**
**Николче Диневски**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Битола и Ресен**
**ул. Д.Т.Ц. Шехерезада мезанин лок. 7**
**тел. 047 230-040**

**Образец бр.50**

**И.бр.507/2018**

Извршителот Николче Диневски од Битола врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **ХАЛК БАНКА АД Скопје** од Скопје со ЕД[redacted] седиште на ул.Св.Кирил и Методиј бр.54, засновано на извршната исправа[redacted] проти[redacted] за спроведување на извршување во вредност[redacted] на ден 29.11.2018 година го донесува следниот:

# ЗАКЛУЧОК
## ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1), 182 став (1) и 185 став (2) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со усно јавно наддавање на на недвижноста на должникот **Сашо Ивановски** запишана во **Имотен лист бр. 32807 КО Битола 3** при АКН на РМ одделение за катастар на недвижности Битола со следните ознаки:

ЛИСТ А
Ивановски Сашо, ул.Ружа Делчева бр.28, дел на недвижност 1/1
ЛИСТ Б
КП 8917. Место Бул.1-ви МАЈ, кат. Култура 50000 1, површина 124 м2,
ЛИСТ В
КП 8917, адреса Бул.1-ви МАЈ бр.284, згр.1, намена ПП, кат ПО, површина 85 м2,
КП 8917, адреса Бул.1-ви МАЈ бр.284, згр.1, намена згради во останато стопанство, кат ПР, површина 90 м2,

Продажбата ќе се одржи на ден **18.12.2018** година во **11,00** часот во просториите на извршителот Николче Диневски во Битола.

Почетната вредност на недвижноста е утврдена согласно член 185 став 2 од Законот за извршување и изнесува **4.305.634,00 денари**, под која недвижноста не може да се продаде на второто јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: хипотека во корист на доверителот. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 500000001024444 која се води кај Стопанска Банка АД Битола и даночен број МК5002007113600.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се

определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Николче Диневски

Д.-на: должник, доверител, Општина Битола, извршител Жанета Пријевиќ, извршител Сузана Гилевска, Стопанска банка АД Скопје, Охридска банка АД Скопје

**Правна поука**: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд на чие подрачје извршувањето или пак дел од него се спроведува согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување